

Гордана Димовска

***Во доцни ноќи под слабото светло***

***Размислуваат, пишуваат и творат***

***За својот народ се борат.***

***Предани на своето дело***
***Неуморно и вешто***
***Создадоа труд , создадоа 38 букви свети.***

***И дојде ден, дојде саат***
***Народот стана од вековен мрак***

***Силна светлина го обзеде светот***
***Факелот се распламти во***
***Солун наш, па Цариград и Олимп***
***распламти силно и подари писмо***
***народот може да пишува и чита.***

***Мисијата ваша и ден денес е жива***
***тој светол пламен продолжи да грее***
***Аз буки и веди, зборови силни запишани да траат***
***И вашите ученици вредни оставија поука***

***За сите да знаат:***

***Чувај го, негувај го и пренеси го зборот македонски***
***чувај го писмото македонско***
***тоа вредно богатство свето***
***тоа е твое силно оружје в рака,***
***Вечна ви слава солунски браќа!***